ИИ650

Дневник 6.7.1998, 692, 9.

ОД МОЈ АГОЛ

# ЗА СВАДБИТЕ И КРШТЕВКИТЕ ПОМЕЃУ ПЛАТНАТА НА РЕМБРАНТ И МУМИИТЕ НА ТУТАНКАМОН

***Со целото разбирање за материјално-финансиските проблеми на културата, непринципиелниот гест на МСУ под аргументација дека на име спонзорство дури и свадба може да прифати и дека секаде во светот е така (оваа фраза „секаде во светот е така“ веќе ја доживувам како непримерен гест на навреда на македонската јавност дека нема поим за состојбите во светот и музеологијата) е најблаго речено неприфатлива. По таа логика зошто, на пример, на име спонзорство, во Парламентот не би се организирале свадби и други слични веселби или фризерски натпревари во холот на Владата, па дури и да е така (некаде) во светот?***

Прво, како граѓанин на Република Македонија и љубител на уметноста, сакам да го опишам моето присуство на незаборавна „свадба“ во Третјаковската галерија во Москва. Нестрпливите сватови, желни за песна, игра, добра капка и закуска, како што наликува на секоја свадба, стрпливо застанаа во ред пред редарите, кои внимателно секому му подарија чифт филцани пантофли како незаобиколив услов да се влезе во Галеријата, а директорот на Галеријата ги поздрави и им го повтори куќниот ред, иако отсекогаш добро го познаваат. Родителите на младенците, што ќе рече, спонзорите на веселбата, на секого од сватовите му поделија по едно ливче - сценарио на свадбата. Во толку и толку часот ќе се свири таа и таа песна, во толку часот и толку минути ќе се чукаат чашите, а по толку минути ќе се кршат, во толку часот ќе се игра, во толку часот ќе се служат печено и вино итн. Секој си го прочита сценариото, си ги обу пантофлите и во тивок ред, еден по еден, влегоа во Светилиштето. Со подзамижени очи, во заглушувачка тишина, повремено погледнувајќи во ливчето, па во часовникот, тивката колона омаена од имагинацијата од заедничкото славење течеше по бескрајните коридори. Но, како и кај секоја свадба, еден од сватовите според манирот (се виде, човекот ѝ припаѓа на светската културна елита, веројатно специјализиран на нашиве простори) толку се расположи што од џебот извади шише ракија и почна гласно да пее и да скока од радост. Редарите го предупредија, а бидејќи осамениот (нели, авангардните се главно осаменици и неразбрани во своето време и простор, но, фала му на бога, храбри и упорни) не сакаше да замолчи, на раце го одвлекоа надвор. Авангардниот се правдаше дека секаде во светот во националните музеи така се слави, на пример, еве во Р.Македонија (а таа, нели, го зафаќа најголемиот и најпримерен дел на светот) се стори свадба во национален музеј.

Деновиве, слушаме, по примерот на Македонија, во сите национални музеи во другиот малечок дел на светот, директорите на Ермитаж, Британскиот музеј, Историскиот музеј во Каиро и другиот ситнеж, па и нашиот Музеј на Македонија, со страв да не бидат сменети зашто порано не се доселиле, интензивно работат на менување на куќниот ред на музеите, па наскоро не само свадби, туку и матурски и крштевки ќе се прават помеѓу платната на Рембрант и мумиите на Тутанкамон и Рамзес Втори. Особено внимание ќе му посветат на снимањето со камери, се разбира, со помош на силни рефлектори, а за сликањето со блицеви и за пушењето ич нема да станува збор. Во интерес на амбиентот ќе им се препорача на редарите да подзамижуваат пред некој истрелан куршум или петарда, зашто, нели, така се практикува во великата светска Македонија, во согласност со балканските обичаи, кои се во светскиот културен тренд.

А сега по нешто и како правник, долгогодишен работник во областа на, поточно ЗА културата.

Музеј (под тој поим според постоечката регулатива се подразбираат и галериите, збирките, спомен-собите итн.) е објект во кој систематски се истражува, собира, средува, обработува, проучува, заштитува, чува, објавува и презентира музејски материјал, а сето тоа според научни методи и високи стандарди. Музеите може да бидат од секаков вид - приватни, општински, национални. Но, за да може да работи, секој музеј мора да исполнува задолжителен степен на неопходен кадровски, технички и просторен потенцијал, како и соодветен музејски фонд, за што оценка дава Министерството за култура. Посебна категорија музеи се националните музеи, кои ги основа надлежен државен орган, а атрибутот НАЦИОНАЛЕН значи дека таа функција (опишана и утврдена со закон) неопходно мора да се остварува и во континуитет затоа што е во заеднички (општ) интерес за граѓаните на една држава. Тоа значи дека таа задолжително мора да им биде достапна на сите граѓани под еднакви услови и дека државата задолжително обезбедува целосно услови за нејзино остварување (кадровски, просторни, технички, материјални, финансиски), но и контрола. Во Република Македонија сите музеи основани од кој било надлежен орган или организација до 1990 година, во согласност со одредбите на постоечкиот Закон за музејската дејност, се презедоа од државата и се во категоријата национални.

Според меѓународното право, музеите, ex lege, што ќе рече, веднаш со основањето, по сила на законот, влегуваат во категоријата споменици на културата и уживаат, како објекти, заедно со севкупниот музејски фонд, посебна заштита. Имено, режимот на физичката и правната заштита гарантиран за спомениците на културата, еднакво се применува и на музеите, независно дали објектите сами по себе имаат културно-историски вредности. Во врска, пак, со недвижните споменици на културата (тн.објекти од посебно културно-историско значење) тие може да бидат од најразличен вид, сопственост и намена, како куќи за живеење, мостови, сакрални објекти (цркви, џамии...) комплекси (Таќето во Тетово, Св. Наум во Охрид) саат-кули итн. Нивното користење, па дури и сопственост, во интерес на нивната физичка заштита, во согласност со постоечкиот и претходните устави на Република Македонија, може да бидат ограничени, што во земјава одамна е и формално-правно регулирано. Ниеден културно-историски споменик не може да се користи за намена што е спротивна на неговата заштита. Некои од нив добиле и нови функции во процесот на нивната ревитализација со респект спрема потребите на современото живеење. Па така, на пример, Конаците во с. Бардовци ќе бидат соодветно користени како уметнички ателјеа и депо на Кинотеката на Р. Македонија, дел од комплексот на Св. Наум и како туристичко-угостителски-хотелски капацитет, како впрочем и Теќето, Старата скопска чаршија итн. Кај нас, отсекогаш, во согласност со правната регулатива, во тие објекти, во кои е дозволено и се регистрирани за вршење угостителска дејност според принципите на посебната заштита, се организираат и најразлични славења и веселби, како впрочем и во земјите што треба да ни бидат пример за организираност во сферата на заштитата.

Но, во музеите што, повторувам, се објекти строго наменски определени за остварување музејска дејност над грижливо избиран музејски фонд, тоа не би смеело, а за жал, нашиот пример со свадбата во МСУ Скопје докажува дека сепак сè може да се остварува, па дури и функција по својата природа не само спротивна на културната функција на објектот, туку и опасна.

Формално, тоа би значело пренамена на објектот од музејска во угостителска дејност, без согласност на Собранието на Република Македонија, како субјект што ги презел основачките права.

Со целото разбирање за материјално-финансиските проблеми на културата, непринципиелниот гест на МСУ под аргументација дека на име спонзорство дури и свадба може да прифати и дека секаде во светот е така (оваа фраза „секаде во светот е така“ веќе ја доживувам како непримерен гест на навреда на македонската јавност дека нема поим за состојбите во светот и музеологијата) е најблаго речено неприфатлива. По таа логика зошто, на пример, на име спонзорство, во Парламентот не би се организирале свадби и други слични веселби или фризерски натпревари во холот на Владата, па дури и да е така (некаде) во светот?

П.С. 1 - Во музејот на современата уметност, кој е, нели пребивалиште на музеите, според што и музеите се именувани со тој термин, слушам дека Талија (муза на комедијата) и Мелпомена (муза на трагедијата) се раскарале дали свадбата да ја третираат како комедија или трагедија.

Исто така, слушам дека личниот Аполон, нивниот чувар, како неподобен, отишол да се едуцира како се организираат канибалски свечености во националните музеи во Папуанска Гвинеја (или некоја друга беше), а во меѓувреме новиот в.д. директор на МУЗЕЈОТ г-динот Бог-Бахус именуван во согласност со новиот Закон за културата, ја спроведува својата програма за работа.

П.С. 2 - Дали и вам, драги мои сограѓани, кафеаните сè повеќе ви заличуваат на галерии, а објектите за култура на кафеани?

И ова ли е еден од нашите драгоцени и оригинални придонеси во збогатувањето на поимот ДЕМОКРАТИЈА (читај: СЀ Е ДОЗВОЛЕНО)?

**Олгица Трајковска**

**Редакцијата на „Дневник“ не се согласува со сите мислења и ставови изнесени во рубриката „Форум“, но чини сè тие да ѝ бидат достапни на јавноста. Определени текстови не се лекторираат заради задржување на автентичниот авторски израз.**